184

Врз основа на член 22 став 1, точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 68 од Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово" бр.13/03, 13/07, 8/15, 11/19 и 12/21), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 05 април 2023 година, донесе

# О Д Л У К А

## за субвенционирање на семејства кои имаат запишано ученик во прво одделение во учебната 2023/2024 година во општинските основни училишта

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува право на субвенционирање на семејства кои имаат запишано ученик во прво одделение во учебната 2023/2024 година, со постојано живеалиште на родителите на подрачјето на Општина Куманово, од Буџетот на Општина Куманово за 2023 година во нето износ од 2.000,00 денари, по ученик.

Член 2

Право на субвенцијата за семејствата кои имаат запишано ученик во прво одделение, имаат родителите на сите ученици запишани за прв пат во општинските основни училишта во Општина Куманово во учебната 2023/2024 година.

Член 3

За остварување на правото на субвенционирање на семејства кои имаат запишано ученик во прво одделение се поднесува Барање до Општина Куманово, во периодот од 01.06.2023 година до 30.09.2023 година.

Со Барањето за остварување на субвенцијата на семејствата кои имаат запишано ученик во прво одделение ги приложуваат следните документи:

- Потврда за запишан ученик во прво одделение за прв пат во учебната 2023/2024 година, заверена од основно училиште од територијата на Општина Куманово.

- Важечки лични карти или патни исправи од родителите/старателите на првоодделенецот (копија).

- Извод од матична книга на родените за првоодделенецот (копија).

- Трансакциска сметка на еден од родителите/старателите (копија).

Член 4

За основаност на Барањето поднесено од страна на родителот одлучува Комисија составена од три члена, која ја формира Градоначалникот на Општина Куманово.

Член 5

Одлуката за субвенционирање на семејства кои имаат запишано ученик во прво одделение, врз основа на приложената документација ја спроведува Градоначалникот на Општина Куманово со поединечно Решение.

Член 6

Средствата за оваа намена ќе се издвојуваат од Буџетот на Општина Куманово за 2023 година, поточно од:

- Програма А00 – Совет на Општина Куманово, потставка 464990 – други трансакции.

Член 7

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово".

Бр. 09 – 3037/14
05 април 2023 година
Куманово

**Совет на Општина Куманово**
Претседател,
Ивана Ѓорѓиевска